## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2010 162/10 и 157/2011), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА ЕВИДЕНЦИЈА, КАКО И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ ОД ИНСПЕКЦИСКАТА СТАТИСТИКА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на инспекциската евиденција, како и содржината на извештаите од инспекциската статистика.

### Член 2

Уписниците за предметите од првостепената и второстепената инспекциска постапка се водат на Образец на Уписникот за предметите од првостепената инспекциска постапка (Ип1), односно на Образец на Уписникот за предметите од второстепената инспекциска постапка (Ип2) во електронска форма или во пишана форма на отпечатен образец во бела хартија.

### Член 3

Образецот на Уписникот за предметите од првостепената инспекциска постапка (Ип1) содржи: реден број; известување за вршење на надзор; дата на вршење на надзор, а во подколоните на оваа колона се наведува датумот на редовниот, вонредниот или контролниот надзор; записник (број и датум); посебни дејствија на инспекциската постапка, а во подколоните на оваа колона се наведува датум на записникот за земање на примерок, датум на доставата на примерокот за анализа, датум на известувањето за резултатите од анализата, датум на заклучокот за износот на трошоците, датум на барањето за супер анализа, трошоци од анализата, датум на потврдата за одземени предмети; заклучок за запирање на постапката (датум и број); број и датум на донесено решение; постапка за едукација; изречена мерка привремена забрана за вршење на дејност; заклучок за дозвола за извршување (датум); датум на поднесување на жалба; постапување по жалба на првостепениот орган, а во подколоните на оваа колона се наведува дали жалбата е недопуштена, ненавремена, изјавена од неовластено лице, првостепеното решение е заменето или подносителот се откажал од жалбата; датум на доставување на жалбата до второстепениот орган; одлука на второстепениот орган по жалбата (број и датум), а во подколоните на оваа колона се наведува дали жалбата е уважена, одбиена, отфрлена, мериторно решена или запрена постапка; заведен управен спор, а во подколоните се наведува број и датум на тужбата, барани списи од второстепениот орган, доставени списи;

одлука на Управниот суд по тужбата, а во подколоните на оваа колона се наведува дали тужбата е уважена, одбиена, отфрлена или запрена постапка; мандатна казна; записник за порамнување со платен налог; записник за посредување; барање за поведување на прекршочна постапка; барање за покренување на дисциплинска постапка; барање за покренување на кривична постапка; одлука на органот што одлучувал по прекршокот; организациона единица; разведување, а во подколоните на оваа колона се наведува датум и ознака; и забелешка.

**Член 4**

Образецот на Уписникот за предметите од второстепената инспекциска постапка (Ип2) содржи: реден број; датум на прием на жалба; подносител на жалба; орган против кој е поднесена жалбата; број и датум на одлуката против која е поднесена жалбата; одлука на второстепениот орган по жалба(број и датум), а во потколоните на оваа колона се наведува дали жалбата е уважена, одбиена, отфрлена, мериторно решена или е запрена постапката; донесена одлука по жалба, а во потколоните на оваа колона се наведува дали е решена во законски рок или по истекот на законскиот рок; заведен управен спор, а во потколоните на оваа колона се наведува број и датум на тужбата, барани списи од второстепен орган, барани списи од првостепен орган, доставени списи; одлука на управен суд по тужбата(број и датум), а во потколоните на оваа колона се наведува дали тужбата е уважена, одбиена, отфрлена, мериторно решена или запрена постапка; одлука по пресуда на управниот суд (датум), а во потколоните на оваа колона се наведува дали одлуката е донесена во законски рок или по истекот на законскиот рок; организациона единица; разведување, а во потколоните на оваа колона се наведува датум и ознака; и забелешка.

**Член 5**

Предметите од инспекциската постапка, кои се заведуваат во уписниците од членовите 4 и 5 од овој правилник (Образец Ип1 и Образец Ип2), не се заведуваат во деловодник, додека во однос на заведувањето на предметите од инспекциската постапка во другите помошни книги (регистар, доставна книга, попис на акти и друго) се применуваат прописите за канцелариско работење.

**Член 6**

Во извештаите за инспекциската статистика покрај текстуалниот дел во кој се наведуваат податоци за постапувањето по предметите во инспекциската постапка го прикажуваат и движењето на предметите во првостепената и второстепената инспекциска постапка. Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на инспекциската евиденција, како и содржината на извештаите од инспекциската статистика.

Уписниците за предметите од првостепената и второстепената инспекциска постапка се водат на Образец на Уписникот за предметите од првостепената инспекциска постапка (Ип1), односно на Образец на Уписникот за предметите од второстепената инспекциска

постапка (Ип2) во електронска форма или во пишана форма на отпечатен образец во бела хартија.

Образецот на Уписникот за предметите од првостепената инспекциска постапка (Ип1) содржи: реден број; известување за вршење на надзор; дата на вршење на надзор, а во подколоните на оваа колона се наведува датумот на редовниот, вонредниот или контролниот надзор; записник (број и датум); посебни дејствија на инспекциската постапка, а во подколоните на оваа колона се наведува датум на записникот за земање на примерок, датум на доставата на примерокот за анализа, датум на известувањето за резултатите од анализата, датум на заклучокот за износот на трошоците, датум на барањето за супер анализа, трошоци од анализата, датум на потврдата за одземени предмети; заклучок за запирање на постапката (датум и број); број и датум на донесено решение; постапка за едукација; изречена мерка привремена забрана за вршење на дејност; заклучок за дозвола за извршување (датум); датум на поднесување на жалба; постапување по жалба на првостепениот орган, а во подколоните на оваа колона се наведува дали жалбата е недопуштена, ненавремена, изјавена од неовластено лице, првостепеното решение е заменето или подносителот се откажал од жалбата; датум на доставување на жалбата до второстепениот орган; одлука на второстепениот орган по жалбата (број и датум), а во подколоните на оваа колона се наведува дали жалбата е уважена, одбиена, отфрлена, мериторно решена или запрена постапка; заведен управен спор, а во подколоните се наведува број и датум на тужбата, барани списи од второстепениот орган, доставени списи; одлука на Управниот суд по тужбата, а во подколоните на оваа колона се наведува дали тужбата е уважена, одбиена, отфрлена или запрена постапка; мандатна казна; записник за порамнување со платен налог; записник за посредување; барање за поведување на прекршочна постапка; барање за покренување на дисциплинска постапка; барање за покренување на кривична постапка; одлука на органот што одлучувал по прекршокот; организациона единица; разведување, а во подколоните на оваа колона се наведува датум и ознака; и забелешка.

Образецот на Уписникот за предметите од второстепената инспекциска постапка (Ип2) содржи: реден број; датум на прием на жалба; подносител на жалба; орган против кој е поднесена жалбата; број и датум на одлуката против која е поднесена жалбата; одлука на второстепениот орган по жалба(број и датум), а во потколоните на оваа колона се наведува дали жалбата е уважена, одбиена, отфрлена, мериторно решена или е запрена

постапката; донесена одлука по жалба, а во потколоните на оваа колона се наведува дали е решена во законски рок или по истекот на законскиот рок; заведен управен спор, а во потколоните на оваа колона се наведува број и датум на тужбата, барани списи од второстепен орган, барани списи од првостепен орган, доставени списи; одлука на управен суд по тужбата(број и датум), а во потколоните на оваа колона се наведува дали тужбата е уважена, одбиена, отфрлена, мериторно решена или запрена постапка; одлука по пресуда на управниот суд (датум), а во потколоните на оваа колона се наведува дали одлуката е донесена во законски рок или по истекот на законскиот рок; организациона единица; разведување, а во потколоните на оваа колона се наведува датум и ознака; и забелешка

Предметите од инспекциската постапка, кои се заведуваат во уписниците од членовите 4 и 5 од овој правилник (Образец Ип1 и Образец Ип2), не се заведуваат во деловодник, додека во однос на заведувањето на предметите од инспекциската постапка во другите помошни книги (регистар, доставна книга, попис на акти и друго) се применуваат прописите за канцелариско работење.

Во извештаите за инспекциската статистика покрај текстуалниот дел во кој се наведуваат податоци за постапувањето по предметите во инспекциската постапка го прикажуваат и движењето на предметите во

**Член 7**

Образец на Извештајот за податоците кои што се однесуваат на инспекциската статистика за предметите од првостепената инспекциска постапка (Образец Изип1), кој е составен дел на овој правилник ги содржи следните податоци:
1) извршени инспекциски надзори, со под рубрики за бројот на: редовни, вонредни, контролни надзори и вкупно извршени надзори;
2) Донесени акти од инспекциските надзори со под рубрики за: број на записници, број на заклучоци за прекин на постапката; број на донесени решенија, број на постапки за едукација, број на изречени мерки-привремена забрана а вршење на дејност, број на донесени заклучоци за дозвола на извршување, број на извршени решенија;
3) Изречени мерки со под рубрики за бројот на изречени мерки забрана за вршење на дејност и број на изречени мерки привремено одземање на предмети и списи;
4) Број на мандатни казни;
5) Број на поднесени жалби;
6) Постапување на првостепениот орган по жалба, а во под рубриките се наведува бројот на жалбите што се недопуштени, ненавремени, поднесени од неовластено лице,број на донесени нови решенија, број на заклучоци за откажување од жалбата;
7) одлука на второстепениот орган по жалба, а во подколоните се наведува бројот на жалбите што се уважени, одбиени, отфрлени, број на заклучоци за запирање на постапката и број на мериторно решени;
8) Број на заведени управни спорови;
9) одлука на управниот суд по тужба, со под рубрики за: бројот на уважени, одбиени, отфрлени, мериторно одлучени тужби и бројот на тужби по кои е запрена постапката:
10) број на записници за порамнување со платен налог;
11) број на записници за посредување;
12) број на барања за поведување прекршочна постапка;
13) број на барања за покренување на дисциплинска постапка;
14) број на барања за покренување на кривична постапка;
15) забелешка.

**Член 8**

Образецот на Извештајот за податоците кои што се однесуваат на инспекциската статистика за предметите од второстепена инспекциска постапка (Обрзец Изип2), кој е составен дел на овој правилник ги содржи следните податоци:
1) број на поднесени жалби;
2) број на решени жалби, со под рубрики: колку жалби се решени во законскиот рок, а колку по истекот на законскиот рок;
3) начин на решавање на жалбите со пополнување на под рубриките за бројот на уважени, одбиени, отфрлени, мериторно решени или запрени постапки;
4) Број на нерешени жалби со пополнување на под рубриките за бројот на нерешени жалби за кои рокот за решавање истекол, и бројот на жалби за кои рокот за решавање тече;
5) број на предмети по кој е заведен управен спор;
6) одлука на Управен суд по тужба со пополнување на под рубриките за бројот на уважени, одбиени, отфрлени, мериторно одлучени тужби и број на тужби по кои е запрена постапката;
7) број на изречени времени мерки;
8) забелешка.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.18-4306/1
22 ноември 2011 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
м-р **Иво Ивановски** , с.р.